







# Проценка на GS1 Глобалната Следливост за Хонгкошките Бизнис Партнери

Вредноста на способноста за трагање и следење во синџирот на снабдување со општи и прехрамбени производи

## Барањата на потрошувачите за безбедност на производите – можност за промени

Повеќе од било кога, компаниите производство и трговија со храна се соочуваат со притисокот на потрошувачите во однос на квалитетот и безбедноста на храната и очекуваат небезбедната храна да биде веднаш отстранета од полиците. Компаниите знаат дека интегритетот на брендот и довербата на потрошувачите директно зависат од безбедноста на храната и од способноста да се влезе во трага на производите нанапреди и station назад долж синџирот на снабдување. За да можат подобро да се соочат со промените во нивната индустрија, три компании од Хонг Конг - AEON, General Mills и Lam Soon, започнаа евалуација на нивните постојни системи за следливост.

**AEON** Stores (Хонг Конг) Co. Ltd. е синџир на различни видови продавници во кои се продава широк спектар на производи за широка потрошувачка. Синџирот JUSCO кој е во сопственост на AEON продава покрај храната продава и производи за домаќинството.

**General Mills** Хонг Конг Ltd. is the Хонг Конг е огранок на оваа глобална компанија за продажба на прехрамбени производи. Брендовите во овој маркет ги вклучуваат сладоледите Häagen-Dazs и т.н. Дим Сум (Dim Sum) јадењета Wanchai Ferry.

**Lam Soon** Хонг Конг произведува и дистрибуира брашно, масло за јадење и детергенти. Откако постои изминативе педесетина години, прерасна во во водечки бренд на овие производи во Кина и Хонг Конг.

## Проценка на Глобалната Следливост

Овие три компании во соработка со GS1 Хонг Конг направија преглед на нивните постоечки системи за следливост користејќи контролна листа на контролни точки критериуми за усогласување позната како Проценка на Глобалната Следливост. Оценувањето се врши од страна на обучени и акредитирани ревизори. Тоа е клучна компонента на GS1 Решението за Глобалното Решение за Следледливост, кое на компаниите им обезбедува еден итероперабилен процес на следливост базирано врз GS1 стандардите.

**77% од жителите на Хонг Конг веруваат дека небезбедната храна е најголемата закана за нивното здравје и благосостојба, со што овој проблем го ставаат далеку пред загадувањето на околината и многу други грижи.**

*Civic Exchange Survey, 2009*

Проценката на GS1 Глобалната Следливост на компаниите им овозможува на компаниите да добијат увид во нивниот систем на следливост и на тој начин ќе можат подобро да ги исполнат растечките очекувањата на потрошувачите, барањата на трговските партнери и усогласување со регулаторните барања.

## Испутување на постојнитите можности за трагање и следење

Проценките се вршеа во EON Jusco продавница, General Mills фабриката за производство на сладолед торти и складиште на Lam Soon за брашно, масло за јадење и детергент. Во сите три места, 104 контролни точки од 12 конкретни области беа разгледани и постоечките капацитети за следливост. Испитување се вршеше на следниве три аспекти:

**Идентификација:** Како следливите единици се идентификуваат и кодираат?
**Информации:** Кои податоци се добиени, користистат и проследуваат?
**Системи и технологии:** Какви системи и технологии за следливост се имплементирани?
**Операции:** Како функционира процесот на интерна следливост и како се управува со кризните ситуации?
**Процедури:** Како се обзнануваат информациите за следливоста и како се документираат?

**Во 2012, просечно 2 официјални узбуни во врска со безбедноста на храната беа објавувани секој месец, вкучувајќи и т.н. формула за бебиња**

*Центар за безбедност на храната на Хонг Конг, 2012*

## Препораки

Иако сите три компании имаа имплементирани интерни системи за обезбедување на безбедност на производите, оваа проценка заедно со стручните совети од страна на GS1 Хонг Конг, им го покажа патот како да изградат подобри, глобално признаени системи за следливост базирани врз стандарди за идентификација, прибирање и размена на информации.

На пример, за подобро да се обезбеди свежина на производите и безбедноста на потрошувачите, GS1 Хонг Конг на EON им препорача користење на GS1 DataBar баркодови на поединечните единици на свежи производи, и Сериски Кодови на Контејнерите за Испорака (SSCC), со кои ќе го идентификуваат добавувачот на проиводите.

General Mills имплементирајќи идентификација на контејнерите кои во моментот се процесираат со користење на алатки за автоматско прибирање на податоци ја засили следливоста на производите. Во меѓувреме, тестирањето на ГС1 стандардите за баркодирање им покажаа како компанијата може да оствари подобра контрола и да обезбеди свежина на производите преку податоците од беч или лот броевите и роковите на траењење.

Што се однесува до Lam Soon, GS1 Хонг Конг им препорача да ги подобрат своите можности за следливост на производите со идентификување на суровините со Глобалните Броеви на Трговските Единици (GTIN) и Логистичките Единици како картонските кутии со Сериски Кодови на Контејнерите за Испорака (SSCC).



## Следни чекори

AEON, General Mills, и Lam Soon беа посоветувани да ја унапредат својата постоечка практика за трагање и следење со нивните трговски партнери на повисоко ниво од практиките базирани врз принципот „чекор напред, чекор наназад" Развојот на примената на GS1 Стандардите ќе го оптимизира текот на стоките, услугите и податоците долж целиот синџир на снабдување за сите негови учесници, зајакнувајќи го изборот на добавувачи и подобрувајќи ги брзината и точноста на процесот на производство и надополнување на залихи. Овие компании ќе можат да изградат солидна рамка за идното управување со ризиците преку следливоста.

**Најдобрите компании производители и/или трговци со храна ги базираат своите процеси за следливост врз користењето на индустриски стандарди и алатки како што се тие кои се нудат од страна на GS1.**

*Aberdeen Report, 2011*

## GS1 Следливост

GS1 е непрофитна организација, која ги развива стандардите за синџирот на снабдување и активно работи со сите учесници во неговите процеси и им помага полесно да одговорат на бизнис предизвиците. GS1 Глобална Следливост решението обезбедува еден процес на следливост за да ги исполни бројните бизнист и регулаторни барања и помага да се отстранат небезбедните производи од полиците, да се заштити интегритетот на брендовите и го задоволува правото на потрошувачите да знаат повеќе за производите кои ги купуваат.

**За повеќе информации:**

Заинтересирани да научите повеќе за оваа успешна приказна, контактирајте ги GS1 Хонг Конг на www.gs1hk.org

А доколку сакате да научите повеќе и за GS1 Глобалната Програма за Следливост, контактирајте ја GS1 Македонија на www.gs1mk,org.mk за упатства
Или посетете ја страницата www.gs1.org/traceability

Благодарност до: GS1 Hong Kong

© Copyright 2013 GS1 AISBL - GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL